Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 90/0306
30.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21.03.2024 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

**Комисијата одлучи дека жалбата на Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за текстот насловен „Момче и девојка скокнале од зграда во Нови Сад: „Лежеа заедно во локва крв“„ објавен во порталот А1он, е основана.**

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 02.03.2024 година Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за текстот со наслов „Момче и девојка скокнале од зграда во Нови Сад: „Лежеа заедно во локва крв“, објавен на 02.03.2024 година на порталот А1 он. (https://a1on.mk/region1/momche-i-devojka-skoknale-od-zgrada-vo-novi-sad-lezhea-zaedno-vo-lokva-krv/?fbclid=IwAR0EPLYfoRG0omntHGRklfMsM1Szc3n-DaXp_7tvemUsJZhF_z6ggydX2Oc%20;https://www.facebook.com/100070136936397/posts/7203899933018875/).

Во жалбата се наведува дека текстот ги има по следниве основи: Презумпција на невиност, нарушување на приватност и незаштитена малолетна публика.

Според жалителот, порталот А1он на 02.03.2024 објавил текст со наслов „**Момче и девојка скокнале од зграда во Нови Сад: „Лежеа заедно во локва крв**“, кој е со сензационалистички пристап во известувањето, почнувајќи од насловот. Понатаму во жалбата се наведува дека во текстот е објавено дека „млад маж и девојка, кои се уште не се идентификувани, синоќа заедно скокнале од 17-ти кат од зграда во Нови Сад. Сомнежите се дека двајцата млади луѓе околу 22 часот се качиле на врвот на објектот и заедно скокнале во смрт, а жителите на зградите велат дека сите се многу потресени“.

Во жалбата се истакнува дека „ новинар(к)ите треба да се воздржуваат од детални описи на жртвата, затоа што деталното известување може да претставува поттик и други луѓе да го копираат опишаниот метод“.

Жалбата е доста аналитична и во неа се вели „поврзаноста меѓу самоубиството и медиумите е одамна препознаена и докажана– секоја информација за самоубиство ги поттикнува оние кои „се на работ“ на нова трагедија. Имено, истражувањата покажаа дека еден од факторите кои некоја ранлива личност можат да ја наведат на самоубиство е и публицитетот што на таквиот чин му се дава во медиумите. Најризична група се токму младите и адолесцентите.

Но, внимателност и дискреција во третирањето на самоубиствата како тема не се налага само заради превенцијата на самоубиството, туку и за да се одбегне дополнително трауматизирање на жртвите. Да не заборавиме – во самоубиството никогаш нема само една жртва! Жртва е самоубиецот, но жртви се и оние што остануваат: родителите, роднините, пријателите и сите кои на некој начин биле поврзани со жртвата и кои ќе мораат да живеат со тој страшен настан до крајот на својот живот“.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „А1он “ и побара да се изјасни во однос на наводите на жалбата.

Медиумот  не одговори околу наводите во жалбата.

## ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно утврди дека жалбата е ОСНОВАНА, односно дека во текстот е прекршен членот 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 март 2024 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата одлучи дека има прекршување на член 8 од Кодексот во кој се вели „ **Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда**.“

При одлучувањето беа земени предвид и Насоките за етичко известување на онлјалн медиумите, каде што околу интерпретирањето на членот 7, односно во 7.4 се вели дека  „При известувањето за самоубиства онлајн медиумите ќе пристапуваат мошне внимателно, проценувајќи дали информирањето за настанот е од јавен интерес и избегнувајќи да објавуваат имиња, фотографии и детални описи на околностите под кои се случил настанот. Медиумите треба да имаат предвид дека ранливите групи граѓани може да бидат под силно влијание на медиумските извештаи за самоубиства, и како последица на тоа да посегнат по својот живот, повторувајќи го истото дело, а особено доколку медиумот детално, сензационалистички и експлицитно го опишува делото“.

Комисијата утврди дека „Во светот е усвоена пракса за самоубиствата генерално, а особено на луѓе што не се јавни личности, речиси воопшто да не се пишува. Ако тоа, сепак, се прави – темата се третира со изразено сочувство и дискреција , медиумот не смее да го објави полниот идентитет, а уште помалку фотографија на жртвата“.

Новинарската етика бара исклучителен внимателен однос од сите медиуми при известување за убиства или самоубиства, но и обиди за реализирање на овие две тешки дела.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595